ИПА II Програма за прекугранична соработка

СРБИЈА - СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Добри пријатели, нови можности

Република Србија

Република Северна Македонија

Оваа програма е финансирана од Европската Унија



Бриф за политики

ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ПОГОЛЕМА ВРАБОТЛИВОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО ТРАДИЦИОНАЛНО МАШКИ СЕКТОРИ

Проектот го имплементираат

UDRUŽENJE POSLOVNIH ŽENA SRBIJE

MIR FOUNDATION

УПЖВР
УДРУЖЕЊЕ ПОСЛОВНИХ ЖЕНА ВРАЊЕ

ПУБЛИКАЦИЈА:
„Бриф за политики – Јакнење на капацитетите за поголема вработливост на жените во традиционално машки сектори“

ЛЕКТУРА:
Дејан Василевски

ДИЗАЈН:
Дигипринт – Скопје

Број на примероци:
300

Овој бриф е изработен во рамките на проектот „Премостување на родовиот и возрасниот јаз на пазарот на труд преку градење капацитети и промовирање на нови работни можности во прекуграничниот регион – ЦБЦ еквилајзер за пол и возраст на работните места“.

Проектот е кофинансиран од Европската унија во рамките на финансискиот инструмент за претпристапна помош (ИПА II) преку Програмата за прекугранична соработка Србија-Северна Македонија 2016-2020. Договорот за кофинансирање е потпишан со Министерството за финансии на Република Србија – Сектор за склучување договори и финансирање програми од фондовите на Европската унија.

Содржината на брифот е одговорност на проектните партнери (Здружение на бизнис жени во Србија, Фондација за менаџмент и индустриско истражување, Здружение на бизнис жени Врање, Здружение на граѓани Правни и професионални) и не ги одразува официјалните ставови на Европската унија.

Содржина

Резиме 4

Вовед. 5

Анализа на резултатите од
истражувањето (фокус-група) 10

Препораки за мерки 13

Заклучок 16

Резиме

Овој бриф за политики се изработува врз основа на дискусија што се водеше во рамките на фокус-група организирана на 13.12.2024 година во Скопје во рамките на проектот „ЦБЦ еквилајзер за пол и возраст на работните места“, кофинансиран од Европската унија во рамките на финансискиот инструмент за претпристапна помош (ИПА II) преку Програмата за прекугранична соработка Србија-Северна Македонија 2016-2020. На оваа фокус-група присуствуваа претставници од приватниот сектор, државните институции, средни стручни училишта, единиците на локалната самоуправа и други организации што работат на полето на промоција на правата на жените и даваат поддршка за нивна поголема вработливост и промоција на женското претприемништво.

Врз основа на дискусијата што се водеше во четири клучни области (општествени предизвици, владини политики и институционална поддршка, формално образование и неформално образование и обуки), беа дефинирани препораки и мерки за понатамошно постапување.

Препораките и мерките за спроведување на одредени активности што се презентирани во овој документ се однесуваат на креаторите на политики на национално и на локално ниво за нивно вклучување во програмите што ги реализираат во рамките на поддршката што ја обезбедуваат за одредени целни групи (особено за тие што се од ранливи категории или доаѓаат од рурални средини). Исто така, во реализација на предложените препораки и мерки треба да бидат вклучени и преостанатите чинители кои работат и обезбедуваат поддршка за поголемо вработување на жените и нивна поголема вклученост на пазарот на трудот преку промоција на нови можности за работа, промоција на секторите што традиционално се декларирани како машки, подигнување на свеста за претприемништвото и поголемо учество на жените во отворањето на сопствени бизниси и нивно охрабрување во реализација на нивните деловни идеи.

Вовед

Многубројни меѓународни истражувања укажуваат дека Република Северна Македонија значително заостанува во остварувањето на родовата еднаквост во однос на другите земји. Постојат три клучни меѓународни индекси со кои се мери родовиот баланс – Gender Inequality Index (GII)[1], Global Gender Gap (GGG) и Social Institutions and Gender Index (SIGI).

1. Во однос на GII, државава во 2022 година е рангирана на 38-то место од 166 земји, во групата на земји „со високо ниво на човечки развој“[2].

Табела 1 – Индекс на родова нееднаквост, Република Северна Македонија (2022)

Вредност на индексот GII	0,134		
Коефициент на смртност на родилки	3 смртни случаи на 100.000 породувања		
Стапката на наталитет кај адолесцентите	16,1 породувања на 1.000 девојки/жени од 15-19 години		
	Жени	**Мажи**	**Родов јаз**
Сооднос на местата во парламентот	41,7%	58,3%	–16,7%
Популација која има завршено некое средно образование (возраст – 25 години и постари)	61,9%	75,1%	–13,2%
Стапка на учество на работната сила (возраст – 15 години и постари)	42,4%	64,1%	–21,9%

[1] https://hdr.undp.org/data-center/thematic-composite-indices/gender-inequality-index#/indicies/GII
GII е индекс на родова нееднаквост, кој Организацијата на Обединетите нации го следи од 1995 година и се темели на пет индикатори и тој покажува во која мера националните достигнувања во одредени области на развој на човечките ресурси се загрозени поради родова нееднаквост. Индикаторите во овој индекс се поделени во три димензии и се користат за процена на загубите на човечкиот развој предизвикан од родовата нееднаквост во трите аспекти на „репродуктивното здравје“, „овластувањето“ и „пазарот на трудот“.
- Индикаторите избрани за аспект на „репродуктивното здравје“ го мерат „односот на смртност на мајките“ и „стапката на плодност кај адолесцентите“;
- Индикаторите за „овластување“ сочинуваат „женски и машки удел во пратеничките места“ и „населението со најмалку средно образование (% на возраст од 25 и повеќе години)“;
- Индикаторот за „пазар на труд“ претставува „стапка на учество во работната сила“.

[2] https://hdr.undp.org/data-center/specific-country-data#/countries/MKD

2. Од друга страна, **според** Индексот за Глобален родов јаз [**Global Gender Gap** (**GGG**)][3], кој од 2006 година се пресметува од страна на Светскиот економски форум (World Economic Forum) се мерат родовите основни разлики во пристапот до ресурси и можности во поединечни земји.

Рангот на набљудувани земји според овој индекс и показателите на економската партиципација и пристапот до можностите го покажува местото на кое се наоѓа Република Северна Македонија во споредба со другите земји. Во 2024 година, Република Северна Македонија била на 58-то место споредбено со 146 земји што учествувале во ова истражување со вредност на индексот од 0,727.

Меѓутоа, нешто што дополнително треба да се земе предвид е тоа што според овој индекс во 2024 година, во однос на 2006 година (кога Светскиот економски форум почнал по првпат да го следи јазот во еднаквоста на користење на ресурсите), рангирањето на државава е значително влошено. Имено, во 2006 година, државата по вредноста на индексот била на 28-то место од 116 земји, а во 2017 година е на 96-то место од 144 земји со значително пониска вредност на индексот, што значи дека во последните неколку години ситуацијата делумно се подобрила.

3. Social Institutions and Gender Index (SIGI)[4], кој го спроведува Организацијата за економска соработка и развој[5] во 179 земји, го мери влијанието на општественото однесување (на пример, дискриминирачката практика на наследување, насилството над жените, отежнатиот пристап кон сопственост над земјиште и кон кредити). Според овој индекс, во 2024 година, Република Северна Македонија се наоѓа во групата земји со средно ниво на нееднаквост со рангирање од 22 поени, каде што 100 поени значи целосна дискриминација, додека 0 поени значи дека нема воопшто дискриминација (просекот во Европа изнесува 13,8, додека глобалниот просек изнесува 29,2 поени), но во однос на одделните подиндикатори што го формираат овој индекс (на пример, Ограничен пристап до ре-

[3] https://www.weforum.org/reports/global-gender-gap-report-2022/

[4] https://www.oecd.org/stories/gender/social-norms-and-gender-discrimination/sigi/dashboard?country=MKD

[5] https://www.oecd.org/

сурси), земјава се наоѓа во групата на земји со многу висока нееднаквост.

Два од четири показатели говорат за тоа дека во државата сè уште постои значителна родова нееднаквост во партиципацијата во економскиот живот на земјата, особено во делот на пристапот кон финансиски ресурси (индексот на државата е 38,1 поен, споредбено со просекот во Европа од 10 поени, каде што 100 поени значи целосна дискриминација, додека 0 поени значи дека нема воопшто дискриминација) и ограниченият физички интегритет што се мери преку тоа колку жените и девојките се ранливи, колку можат да се заштитат и степенот на нивната репродуктивна автономност. Сето тоа дава доволно силна аргументација зошто, покрај политиките што се усвојуваат на национално ниво, потребни се и активности на локално ниво што ќе придонесат за подигнување на свеста и промоција на женското претприемништво и поголемо вклучување на жените на пазарот на трудот.



Во таа насока е и податокот дека во Република Северна Македонија, од вкупниот број работодавачи, во 2023 година, само 21% се жени. Од вкупното активно население, 462.100, односно 58,4 отсто се мажи, а 329.547, односно 41,6 отсто се жени. Од вработените, 396.127, односно 57,6 отсто се мажи, а 292.168, односно 42,4 отсто се

жени. И кај невработените поголем е бројот на мажи, па така 65.972 лица, или 63,8 отсто од невработените се мажи, а 37.379 или 36,2 отсто се жени. Сепак, жените преовладуваат кај неактивното население, па 440.453 лица од неактивното население се од женски пол, што е 60,9 отсто, а преостанатите 39,1 отсто или вкупно 283.007 лица се од машки пол.

Стратешката рамка на национално ниво што ги дефинира целите и го дефинира начинот преку кој се обезбедува поддршка за поголема вработливост на жените и поголема промоција на женското претприемништво е дефинирана во четири основни стратешки документи (не земајќи го предвид Законот за буџети со кој по првпат се регулира принципот на родово одговорно буџетирање и обврската за вклучување на родови индикатори и родово буџетска изјава на централно и на локално ниво):

- Програма за работа на Владата (2024-2028)
- Национална стратегија за вработување (2021-2027)[6]
- Национална стратегија за мали и средни претпријатија (2025-2030)[7]
- Стратегија за родова еднаквост (2022-2027)[8]
- Закон за буџети[9]
- Програма за активности на општина Бутел во областа на еднаквите можности (2024)[10]

Врз основа на овие документи за политиките што претставуваат патоказ во која насока треба да се движи поддршката што ја обезбедува државата и кои се целите што треба да се остварат на национално ниво, се дефинираат и годишни програми во кои се содржани конкретни активности, мерки и проекти што преку нивна реализација

[6] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/NSV%202021-2027%20i%20NPV2021-2023.pdf

[7] Во фаза на усвојување за време на изработка на овој документ.

[8] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0_%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82_2022_2027.pdf

[9] https://www.sobranie.mk/content/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D1%83%D1%82/21-1.pdf

[10] https://opstinabutel.gov.mk/ProgramaZaEdnakviMoznosti.pdf

треба да придонесат за остварување на претходно дефинираните цели. Ваквите програми, кои се изработуваат во согласност со повеќегодишните акциски планови што се составен дел од стратешките документи, најчесто се усвојуваат на годишно ниво од страна Владата и тие се реализираат преку Министерството за економија[11, 12], Агенцијата за поддршка на претприемништвото[13] и Агенцијата за вработување. На локално ниво, овие програми се усвојуваат од страна на советите на општините и тие се реализираат во рамките на општината во соработка со соодветните институции и организации што дејствуваат на локално ниво.

За дел од активностите се обезбедуваат соодветни финансиски средства, додека за дел од нив потребна е поголема финансиска алокација. Сепак, за да се креираат поефикасни мерки што во иднина ќе дадат поголеми резултати, потребно е на редовна основа да се прави детална евалуација и оценка на влијанието во однос на реализираните активности, која не постои во моментов.

Во иднина, покрај вклучување на ваквите алатки за следење и оценување преку кои би се оценила успешноста на реализацијата на активностите и остварувањето на очекуваните резултати и целите од стратешките документи, потребно е и поголемо вклучување на крајните корисници (за кого се и наменети овие документи) во процесот на креирање на политиките. Со тоа се зајакнува довербата во институциите и се креира потранспарентен процес на креирање политики што со вклучување на поголем број чинители и корисници ја зголемува и ефикасноста на реализација на активностите



[11] https://economy.gov.mk/docs/sektor-pretpriemnistvo

[12] https://economy.gov.mk/mk-MK/news/programa-za-poddrska-na-konkurentnosta-na-prerabotuvackata-industrija-i-opstestvena-odgovornost-za-2023-godina.nspx

[13] http://apprm.gov.mk/content/Documents/APPRM_Programa_2023.pdf

и финансиските средства што се обезбедуваат од страна на државата и локалната самоуправа.

Анализа на резултатите од истражувањето (фокус-група)

Целта на фокус-групата, организирана на 13 декември 2024 година, беше да се согледаат ставовите и размислувањата на учесниците, како и да се добијат информации со кои предизвици се соочуваат жените кога бараат работа или сакаат да отворат сопствен бизнис. Во рамките на фокус-групата, дел од учесниците беа од приватниот сектор, дел од државните институции, како и од средни стручни училишта, единици на локалната самоуправа и други организации што работат на полето на промоција на правата на жените и даваат поддршка за нивна поголема вработливост и промоција на женското претприемништво.

Дискусијата во рамките на фокус-групата беше организирана во четири клучни области – општествени предизвици, политики и институционална поддршка, формално образование и неформално образование и обуки.

Во рамките на првата тема/клучна област, се дискутираше за општествените предизвици со кои се соочуваат жените кога бараат работа, но и предизвиците со кои се соочуваат на работните места и дали навистина во општественото опкружување има премногу стереотипи што влијаат на женската популација да не бараат работа во сектори што се сметаат за традиционално „машки“.

Исто така, во рамките на оваа дискусија беше наведено дека како што се зголемуваат квалификациите и барањата на работното место, жените потешко се вработуваат на овие позиции. Дел поради фактот што дел од работодавачите не сакаат да вработуваат жени на клучни позиции (зашто жените се грижат и за децата, потребни се особено на децата кога се мали, земаат породилно отсуство итн.), но и самите жени од овие причини нечесто се определуваат

да аплицираат за работни позиции што бараат поголем ангажман, прекувремена работа, чести патувања итн.

Автоматизацијата што е сè поприсутна особено во индустриските сектори (што по традиција се идентификувани како машки сектори) придонесува за сè поголема вклученост и вработување на жените во овие сектори. Во рамките на фокус-групата се дискутираше за градежниот сектор, во кој жените се сè повеќе застапени кога станува збор за проектирање или надзор, додека мажите се позастапени кога станува збор за изведба на објектите поради физичката сила што е потребна за извршување на одредени активности (на пример, армирање, бетонирање, ѕидање итн.).

Дополнително, беше истакнато дека жените кои работат во овој сектор се многу попрецизни, поточни и потемелни во изработката на проектите, во споредба со мажите. Во таа насока, дел од учесниците истакнаа дека жените се исто така присутни и во банкарскиот сектор и во ИКТ-секторот, дури и со поголем процент од мажите, но традиционално тие најмногу се присутни во сектори како образование, социјала, трговија итн.

Во рамките на фокус-групата се дискутираше и за стапката на невработеност на жените од урбаните средини во споредба со таа од руралните средини. Имено, поради недостаток на информации за потенцијалните можности за вработување и отворање на сопствен бизнис, ниско ниво на самодоверба, обврски околу семејството и другите активности поврзани со земјоделството, жените од руралните средини потешко се одлучуваат да се вработат или да почнат свој бизнис. Дополнително, кога станува збор за вработување на жените од руралните средини и отворање бизниси во тие области многу е важно да се напомене дека поради лошата патна и друга инфраструктура, многу од жените не се одлучуваат да преземат некои чекори во таа насока.

Сепак, во последно време трендовите покажуваат дека жените преку различните мерки за поддршка во земјоделството, почнуваат да се занимаваат во активности од кои исто така остваруваат и добивка, а дел од нив отвораат и најразлични форми на деловно работење.

Што се однесува до поддршката што се обезбедува преку државата на локално ниво, претставниците од единиците на локална самоуправа кои беа присутни на фокус-групата истакнаа дека активности што се преземаат од страна на општината се однесуваат најмногу во делот на едукација и подигнување на свеста. Финансиска поддршка во форма на грантови или друга форма на поддршка не се обезбедува, но во иднина таа треба да почне да се реализира. Исто така, во изминатиов период при креирање на годишните програми и активности на општината во голема мера се внимава и на родовата застапеност. Дел од општините веќе имаат и конкретни програми за родова еднаквост и еднакви можности.

Исто така, преку Агенцијата за поддршка за претприемништвото, која претставува институција за спроведување на владините програми за поддршка на МСП, беше истакнато дека во годишната програма на институцијата има неколку активности поврзани за развој на женското претприемништво, како што се обуки, менторски сесии, издавање ваучери за кофинансирање на трошоците за консултантски услуги итн. Исто така, Агенцијата е вклучена и во реализација на оперативниот план за вработување, преку кој голем број жени преку финансиска поддршка од Владата се поддржуваат да почнат со свој бизнис и да ги реализираат своите деловни идеи. Во таа насока, беше истакнато дека при креирањето на политиките од страна на државните институции недостига поефикасна координација со целните групи за кои таа поддршка во иднина ќе биде наменета, како и поголемо вклучување на организациите што работат во овие сфери во тој процес (на креирање политики), но исто така и поголема информираност од страна на државните институции дека се работи на вакви политики и програми за да можат сите заинтересирани страни да го дадат својот придонес.

Во понатамошниот дел од фокус-групата, се разговараше и за владиниот проект – самовработување. Дел од учесниците наведоа дека самохраните мајки и жените од руралните средини треба да бидат пофаворизирани за добивање грант (да имаат предност) пред другите кандидати. Исто така, се разговараше и за проширување на другите програми што се реализираат преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со дефинирање на овие

целни групи како приоритетни при обезбедувањето поддршка за почнување со деловни активности од областа на земјоделството.
Во однос на формалното образование и колку тоа придонесува за развој на претприемачкиот дух кај младите во услови кога овој предмет не е веќе задолжителен, дел од учесниците истакнаа дека теоријата е доволно застапена во средните стручни училишта, но во следниот период треба повеќе да се работи на зајакнување на соработката со приватниот сектор и реализација на практиката, а не само формално потврдување дека учесниците посетувале практика, а таа воопшто и да не се реализира. Исто така, се истакна дека учениците уште во средното образование се учат да не размислуваат стереотипно и дека во голем дел од градежните професии (како пример беше земен градежен техничар) можат без никаков проблем да бидат вработени жени.

Средните стручни училишта се исто така вклучени во спроведување програми од неформалното образование, на кои учествуваат голем број претставници од женската популација (како пример беше наведена обуката за женски лица за оџачари кои по обуката почнале да работат како занаетчии, а дел отвориле и свои бизниси). На крајот од фокус-групата беше истакнато дека во делот на основното образование, во училиштата треба да се зголемат активностите за учесниците од деветто одделение преку кои ќе се советуваат за тоа каде би го продолжиле своето образование. Сето ова треба системски да биде направено затоа што ваквите активности на подолг рок ќе придонесат за помала потреба од пре/доквалификација, бидејќи учениците уште на почетокот од средното образование ќе го учат тоа што го сакаат и на нивната одлука нема да влијаат други фактори, како друштвото, стереотипите, а донекаде и родителите.

Препораки за мерки

Во рамките на фокус-групата се разговараше и за препораки и мерки по однос на кои во иднина би требало да бидат преземени конкретни активности што ќе помогнат во надминување на стереотипите, поголема вработливост на жените во сите сектори, вклучу-

вајќи ги и тие во кои доминира машката популација, но и обезбедување на соодветна поддршка за тие жени кои сакаат да ја реализираат својата деловна идеја. Во таа насока следниве препораки беа нотирани во рамките на фокус-групата:

- **Подигнување на свеста** на млади лица од женската популација, за можностите за работа што се нудат на пазарот преку поголема информираност и дисеминација на соодветни информации до целните групи.
- **Обезбедување на соодветна едукација** и доусовршување за полесна вработливост и поголема атрактивност на пазарот на трудот.
- **Поддршка од државата** за дигитална трансформација и автоматизација на индустриските процеси кај претпријатијата што ќе придонесе за уште поголема вработливост на жените во традиционално машките сектори.
- **Обезбедување на стимулативни мерки** и активности за промоција на вработувањето или отворањето бизниси меѓу жените (и младите) во руралните средини со осврт на (селскиот) туризам.
- **Подобрување на информираноста** и пристапот до информации што се обезбедуваат преку владините мерки и програми за вработување/отворање бизнис.
- **При креирање на стратегиите и мерките за поддршка на жените** да се земат предвид и нивните потреби и барања.
- **Воспоставување на централен систем** за евиденција на податоци за претпријатија што се управувани од жени/во сопственост на жени.
- **Поголемо учество од страна на другите чинители** (покрај државните институции) при креирање на политиките и програмите за женско претприемништво и поддршката што се обезбедува за нивно вработување.
- **Формирање тело** кое ќе се грижи за поголема информираност за активностите на државните институции за тие да бидат дисеминирани на локално ниво.

Самохраните мајки и жените од руралните средини кои ќе аплицираат за добивање грант од проектот „Самовработување“ да имаат предност пред другите кандидати за доделување на средствата.

Жените кои ќе отворат свој бизнис во првата и во втората година од своето постоење треба да бидат постојано менторирани од страна на искусни консултанти сè со цел да се намали процентот на бизниси стартапи што пропаѓаат поради неискуство на претприемачите за водење бизнис.

Реализација на поголем број часови за практика во средните стручни училишта и поголем мониторинг како тие часови се реализираат во реалноста.

Воведување на зголемен број активности во основните училишта со кои ќе се насочат учениците од деветто одделение кон средно образование за кое тие имаат вистински афинитет.



Заклучок

Креирањето на политиките е процес што треба да биде заснован на потребите на целната група за која се креираат тие политики. Во таа насока, сите чинители кои работат во остварување на стратешките цели што се дефинирани во документите за политиките треба да ги координираат своите активности за да можат да се остварат очекуваните резултати. Само во рамките на фокус-групата која беше организирана во рамките на проектот беа идентификувани повеќе предлози и мерки што треба да придонесат поголема ефикасност при вработување на жените и обезбедување на поголема поддршка за тие што сакаат да отворат свој бизнис.

Сите предложени мерки и активности, доколку се прифатат од страна на тие што што ги дефинираат политиките ќе придонесат за остварување на целите, поради тоа што тие се предложените од компаниите или од организации што се вклучени во процесот на обезбедување поддршка за невработените жени, што ги докажува нивното искуство и релевантноста во предлагање на овие мерки.

Многу често поради недостиг на соодветни информации и податоци за потребите на целните групи, креаторите на политиките ги предлагаат мерките што биле реализирани од претходниот период, а кои во практиката не придонесуваат (во конкретниот случај) за поголема вработеност на жените или за поголема промоција на женското претприемништво. Поради тоа, организирањето на вакви настани во голема мера придонесува кон давање на конкретни предлози што доколку бидат прифатени и реализирани ќе придонесат за остварување на зацртаните цели.

Во таа насока е спроведувањето на овој проект, преку активностите што се спроведуваат се помага и во остварување на стратешките цели дефинирани во националните и во локалните рамки за политики, но исто придонесува и во процесот на собирање податоци за потребите на целните групи врз основа на кои во иднина треба да бидат изготвени идните политики.